АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 01.06.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број | Прилог | Вредност: |
| 02 | 431 | | |


# ЗАПИСНИК ОД 65-ТО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно Одлуката за начин на спроведување на 65-то Годишно Собрание на АКРСМ во услови на вонредни мерки поради КОВИД-19 донесена на 06.05.2020 година, состанокот на членовите на Работното претседателство на 65-то Годишно Собрание на Адвокатската комора на Република Северна Македонија се одржа во просториите на АКРСМ на ден 29.05.2020 година со почеток во 11,30 часот.

Присутни:

1. Дељо Кадиев, адвокат од Скопје - претседавач
2. Хамдије Адеми Тафа, адвокат од Кичево
3. Владимир Стојкоски, адвокат од Струга
4. Оливер Гашев, адвокат од Велес, и
5. Љубомир Михајловски, претседател на АКРСМ, адвокат од Скопје

Останати присутни:

1. Анета Трајковска, адвокат од Скопје - записничар
2. Златка Денковска, адвокат од Скопје - оверувач на записник
3. Фаик Илјази, адвокат од Гостивар - оверувач на записник

Претседавачот на Работното претседателство го отвори 65-то Годишно Собрание на Адвокатската комора на Република Северна Македонија. Од страна на стручната служба до работното претседателство беше доставен Записник од Верификационата комисија на Собранието, па од истиот се утврди дека од 272 претставници во Собранието, 11 не се активни адвокати, така што валиден број на претставници на Собранието на АКРСМ е 261.

Верификационата комисија во записникот констатирала дека се примени 220 произнесувања од претставниците на Собранието на АКРСМ.

Работното претседателство констатира дека од страна на претставникот на Собранието Светозар Ристовски е даден предлог собранието да се одржи на редовен начин со присуство на претставнциите, а не по електронски пат, и истото да се одложи за 30 дена, но Работното претседателство смета дека нема услови за такво одржување на Собранието заради забраната на собирање на поголем број луѓе на мал простор и дека не е оправдано одлагање на Собранието. Констатирано е дека претставникот се произнел по сите точки од Дневниот ред по електронски пат.

Претседавачот на Собранието истакна дека Верификационата комисија утврди дека е исполнет кворумот за работа. Потоа Работното претседателство пристапи кон работа по Дневниот ред утврден од страна на Управниот одбор на седница одржана на ден 26 февруари 2020 година.

**<u>Дневен ред</u>**

1. Усвојување на записник од 64-то Годишно собрание на АКРСМ.
2. Разгледување и усвојување на Извештај за работата на Управниот одбор на Адвокатска комора на Република Северна Македонија за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година.
3. Разгледување на завршна сметка за 2019 година со Извештај на независни ревизори.
4. Разгледување и усвојување на Извештај за работа на Надзорен одбор на АКРСМ за извештајниот период од 01 мај 2019 до 30 април 2020 година.
5. Разгледување и усвојување на Извештај за работа на Дисциплинскиот обвинител на АКРСМ за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година.

6. Разгледување и усвојување на Извештај за работа на Дисциплинскиот суд на АКРСМ за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година.
7. Разгледување и усвојување на Извештај за работа на Жалбениот совет на АКРСМ за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година.

Потоа се премина на првата точка на Дневниот ред:

***1. Усвојување на Записник од 64-то годишно Собрание на АКРСМ***

Претседавачот на Собранието, адвокатот Дељо Кадиев го извести Работното претседателство дека за оваа точка на Дневниот ред врз основа на гласањето кое преставниците на Собранието го извршиле по електронски пат, гласале со ПРИФАЌАМ вкупно 220 претставници. Гласови НЕ ПРИФАЌАМ нема.

Врз основа на горното, Работното претседателство констатира дека Записникот од 64-то годишно Собрание на АКРСМ е едногласно усвоен од страна на претставниците на Собранието.

Потоа се премина на втората точка од Дневниот ред:

***2. Разгледување и усвојување на Извештај за работата на Управниот одбор на Адвокатска комора на Република Северна Македонија за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година.***

Претседавачот на Собранието, адвокатот Дељо Кадиев го извести Работното претседателство дека за оваа точка на Дневниот ред врз основа на гласањето кое преставниците на Собранието го извршиле по електронски пат, гласале со ПРИФАЌАМ вкупно 220 претставници. Гласови НЕ ПРИФАЌАМ нема.

Врз основа на горното, Работното претседателство констатира дека Извештајот за работата на Управниот одбор на Адвокатска комора на Република Северна Македонија за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година, е едногласно усвоен од страна на претставниците на Собранието.

Потоа се премина на третата точка од Дневниот ред:

***3. Разгледување на завршна сметка за 2019 година со Извештај на независни ревизори.***

Врз основа на пристигнатите произнесувања на претставниците на Собранието, Работното претседателство констатираше дека е разгледана завршната сметка за 2019 година со извештајот на независните ревизори, без забелешки.

Потоа се премина на четвртата точка од Дневниот ред:

***4. Разгледување и усвојување на Извештај за работа на Надзорен одбор на АКРСМ за извештајниот период од 01 мај 2019 до 30 април 2020 година.***

Претседавачот на Собранието, адвокатот Дељо Кадиев го извести Работното претседателство дека за оваа точка на Дневниот ред врз основа на гласањето кое преставниците на Собранието го извршиле по електронски пат, гласале со ПРИФАЌАМ вкупно 220 претставници. Гласови НЕ ПРИФАЌАМ нема.

Врз основа на горното, Работното претседателство констатира дека Извештајот за работа на Надзорен одбор на АКРСМ за извештајниот период од 01 мај 2019 до 30 април 2020 година, е едногласно усвоен од страна на претставниците на Собранието.

Потоа се премина на петтата точка од Дневниот ред:

***5. Разгледување и усвојување на Извештај за работа на Дисциплинскиот обвинител на АКРСМ за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година.***

Претседавачот на Собранието, адвокатот Дељо Кадиев го извести Работното претседателство дека за оваа точка на Дневниот ред врз основа на гласањето кое преставниците на Собранието го извршиле по електронски пат, гласале со ПРИФАЌАМ вкупно 220 претставници. Гласови НЕ ПРИФАЌАМ нема.

Врз основа на горното, Работното претседателство констатира дека Извештајот за работа на Дисциплинскиот обвинител на АКРСМ за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година, е едногласно усвоен од страна на претставниците на Собранието.

Потоа се премина на шестата точка од Дневниот ред:

***6. Разгледување и усвојување на Извештај за работа на Дисциплинскиот суд на АКРСМ за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година.***

Претседавачот на Собранието, адвокатот Дељо Кадиев го извести Работното претседателство дека за оваа точка на Дневниот ред врз основа на гласањето кое преставниците на Собранието го извршиле по електронски пат, гласале со ПРИФАЌАМ вкупно 220 претставници. Гласови НЕ ПРИФАЌАМ нема.

Врз основа на горното, Работното претседателство констатира дека Извештајот за работа на Дисциплинскиот суд на АКРСМ за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година, е едногласно усвоен од страна на претставниците на Собранието.

Потоа се премина на седмата точка од Дневниот ред:

**7. *Разгледување и усвојување на Извештај за работа на Жалбениот совет на АКРСМ за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година.***

Претседавачот на Собранието, адвокатот Дељо Кадиев го извести Работното претседателство дека за оваа точка на Дневниот ред врз основа на гласањето кое преставниците на Собранието го извршиле по електронски пат, гласале со ПРИФАЌАМ вкупно 220 претставници. Гласови НЕ ПРИФАЌАМ нема.

Врз основа на горното, Работното претседателство констатира дека Извештајот за работа на Жалбениот совет на АКРСМ за извештајниот период од 1 мај 2019 до 30 април 2020 година, е едногласно усвоен од страна на претставниците на Собранието.

По седмата и последна точка од Дневниот ред, заврши работата на 65-то Годишно Собрание на Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

**РАБОТНО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО**

**Дељо Кадиев, адвокат од Скопје - претседавач**

**Хамдије Адеми Тафа, адвокат од Кичево**

**Владимир Стојкоски, адвокат од Струга**

**Оливер Гашев, адвокат од Велес**

**Љубомир Михајловски, адвокат од Скопје**

**Записничар:**

**Анета Трајковска, адвокат од Скопје**

**Оверувачи на записник:**

**Златка Денковска, адвокат од Скопје**

**Фаик Иљази, адвокат од Гостивар**

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ